Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) а во врска со член 20 став 1 точките 46 и 47 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11), член 212 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија (бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/14) и член 24 и 24-а од Законот за државните службеници ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02,98/02, 17/03,40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13, 106/13 и 132/14), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР И УПАТУВАЊЕ НА ШКОЛУВАЊЕ , ОБУКА, СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој правилник се уредува постапката за избор и упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација на вработените за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

## Член 2

Под стручно оспособување и усовршување од член 1 на овој Правилник се подразбира школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација на државните службеници во министерството за одбрана и воените старешини поставени на должности во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и на воениот и цивилнниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

## Член 3

Државните службеници во Министерството и воените старешини поставени на должности во Министерството, како и воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата (во натамошниот текст:вработени) се упатуваат на школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација во Министерството и во други образовни и тренинг институции во земјата и во странство, кои тоа го организираат и спроведуваат.

Член 4

Упатувањето на школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација се врши согласно донесените концепти, стратегии и долгорочни планови за обука и професионален развој на вработените и годишните планови и програми.

Врз основа на утврдените стратешки цели на Министерството и годишниот план за работа, Секторот за човечки ресурси во координација со организационите единици на Министерството и Генералштабот на Армијата изработува годишен план и програма за школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација со кој се утврдуваат потребните видови, форми и нивоа на школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација, целни групи на вработените, потребни финансиски средства, број на вработени, очекуваните резултати и начините за проценка на резултатите од обуката.

Процесот на проценка за потребата од интензивно и континуирано оспособување и усовршување на вработените се спроведува со цел обезбедување на успешно и квалитетно извршување на работите и задачите/должностите кои им се поставуваат преку стекнување на нови и проширување на постојните знаења, вештини, способности и навики.

Член 5

Годишните планови и програми за школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација на вработените за потребите на Министерството и Армијата се донесуваат во тековната за наредната година.

Кординацијата на процесот на проценка за потребите и изработка на годишен план и програма за вработените во Министерството ја реализира Секторот за човечки ресурси, а во Армијата Генералштабот на Армијата.

Член 6

Упатувањето на школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација на вработените, по исклучок може да се врши и врз основа на дополнително добиените покани и искажани потреби во текот на тековната година, по одобрување од министерот или од него овластено лице, а по претходно добиено мислење за неопходноста и целисходноста на конкретната обука од организационите единици на Министерството и Генералштабот на Армијата.

Член 7

Школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата на вработените се остварува преку спроведување на: курсеви, семинари, симпозиуми, конференции, работилници, студиски посети, специјалистички обуки и школување на соодветни високообразовни институции.

Школувањето на вработените за потребите на Министерството и Армијата ги опфаќа сите циклуси на високо/универзитетско образование согласно Законот за високото образование.

## Член 8

Школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата на вработените се реализира во Министерството и во Армијата од страна на вработените кои се компетентни и стручно оспособени во одредени области и тематики и од експерти од надворешни институции (органи на државната управа, универзитети, агенции и специјализирани куќи за обуки, мобилни тренинг тимови од земји и меѓународни организации со кои соработуваме и други).

Школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата на вработените во странство се реализира врз основа на склучените билателарни или мултилатерални договори и планови за соработка, индивидуални партнерски програми, како и по дополнително добиени понуди за истите на билатерална и мултилатерална основа од партнерските земји, во тренинг центри, школи, колеџи и други институции за обука и образование во странство.

## Член 9

На школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација се упатуваат вработените кои се распоредени или се планирани за распоредување на работни места и должности каде се бара дополнително школување, обука, стручно оспособување и усовршување, како и специјализација, а согласно проценките на потребите на Министерството и Армијата од вработени со одредени знаења, вештини, способности и навики, програмите и проекциите за индивидуален кариерен развој на вработените, како и врз основа на концептите за развој на офицерскиот и подофицерскиот кор.

## Член 10

Вработените кои се предлагаат за упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација треба да ги исполнуваат и условите утврдени од страна на организаторот на школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата (образование, специјалност, позиција, чин, ранг, возраст, физичка подготовка, безбедносен сертификат, степен на познавање на странски јазик и друго).

Вработените на кои до исполнувањето на условите за редовно пензионирање им остануваат уште пет години, не се упатуваат на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација на некои од циклусите на високото образование во земјата и во странство.

## Член 11

Постапката за упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување . и специјализација ја спроведува Сектор за човечки ресурси за школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација во Република Македонија, а Секторот за меѓународна соработка за школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација кое се спроведува во странство.

Постапката започнува со доставување на известување за секоја од планираните/понудените активности за школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација, до сите организациони единици на Министерството и до Генералштабот на Армијата. Во известувањето, освен темата и општите елементи на активноста се наведуваат и посебните услови кои ги поставува организаторот, а кои треба да ги исполнат кандидатите, времетраењето и местото на одржувањето, начините на пријавувањето на кандидатите и други релевантни податоци и информации.

Известувањето од став 2 на овој член се објавува и на Веб-страната на Министерството истиот ден со денот на доставувањето на известувањето до сите организациони единици на Министерството и до Генералштабот на Армијата

Врз основа на известувањето од став 2 на овој член, раководителите на организационите единици во Министерството, односно Генералштабот на Армијата, до Секторот за човечки ресурси, односно Секторот за меѓународна соработка доставуваат предлог со номинирани кандидати кои ги исполнуваат посебните услови за извршување на работи и задачи, односно должности за кои е потребно стручно оспособување и усовршување.

## Член 12

Постапката за избор на кандидати за школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација ја спроведува Комисија кој ја формира министерот за одбрана.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и четири члена.

Претседателот и членовите на комисијата имаат свои заменици.

Комисијата од став 1 на овој член може да работи ако на седницата се присутни најмалку 3 члена, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на комисијата.

## Член 13

По приемот на прелозите од 11 став 4 на овој правилник, Секторот за човечки ресурси, односно Секторот за меѓународна соработка истите со целокупната документација приложена од страна на кандидатите ги доставуваат до Комисијата од член 12 од овој правилник.

По добивањето на предлозите и приложената документација, Комисијата ги разгледува истите и до министерот за одбрана доставува записник со образложен предлог за избор на кандидатот кој ги исполнува условите за упатување на школување, обука, стручното оспособување и усовршување и специјализација со целокупната документација за спроведената постапка за конкретната активност.

При изборот на кандидатите треба да се води сметка за соодветна и правична застапеност на вработените кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на условите за стручност и компетентност.

**Член 14**

По разгледувањето на предлогот на Комисијата, со целокупната документација за спроведената постапка за конкретната активност, министерот за одбрана донесува решение за избор на кандидат за упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација на вработените во Министерството за одбрана и воените старешини поставени на должности во Министерството, односно наредба за упатување на стручно оспособување и усовршување на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата.

Решението, односно наредбата од став 1 на овој член се конечни.

Реализација на решенијата, односно наредбите за упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација, вршат Сектор за човечки ресурси, односно Сектор за меѓународна соработка и Генералштабот на Армијата.

**Член 15**

Секторот за човечки ресурси и Секторот за меѓународна соработка преземаат активности за реализација на решенијата за упатување, а кои се однесуваат на пријавувањето и подготовката на избраните кандидати и следење на текот на нивното школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација.

**Член 16**

Доколку школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата се во траење подолго од 30 дена, правата и обврските меѓу упатеното лице и Министерството се уредуваат со писмен договор кој го изработува, евидентира и чува Сектор за човечки ресурси.

**Член 17**

По завршувањето на школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата вработените поднесуваат писмен извештај до Секторот за човечки ресурси заедно со копија од добиениот сертификат или диплома, а по завршувањето на школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата во странство копија од извештајот се доставува и до Секторот за меѓународна соработка. Примерокот од извештајот и копија од добиениот

сертификат или диплома за воениот или цивилниот персонал на служба во Армијата, се доставува и до Генералштабот на Армијата.

Добиените дипломи и сертификати се внесуваат во базата на податоци и во персоналните досиеа на вработените.

**Член 18**

За школувањето, обуката, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата на вработените во Министерството и Армијата се планираат средства во Буџетот на Министерството. За оваа намена можат да се користат и средства обезбедени од странски донации и други извори.

**Член 19**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручно оспособување и усовршување, бр.01-1275/1 од 20.02.2012 година.

**Член 20**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-4565/1
19-09-2014 2014
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Јолевски**

Изработил: Ирена Станковска
Митар Петковски
Согласен: Милан Андоновски